Robert Dauti, PhD[1]

UDC: 343.9-055.2

# GRUAJA NË ROLIN E KRYESES SË VEPRAVE PENALE

# ЖЕНАТА ВО УЛОГА НА СТОРИТЕЛ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

# THE WOMAN IN THE ROLE OF PERPETRATOR OF CRIMINAL OFFENSES

**Abstract**

One of the central and key words of modern criminology is undoubtedly gender. Although women formally and legally enjoy the same recognized rights as men, their involvement in criminality remains insufficiently researched. Men are associated with crime because of their temperament, aggressiveness, risk-taking. A woman is a housewife, wife, mother. However, the woman who is naturally given the right to give life often appears as the perpetrator of some of the most serious crimes, especially mothers who kill their children in the case of infanticide as an expression of typically female criminality, an act that can only be committed by a woman. The criminological characteristics, the real figures for the participation of women in overall criminality and the understandding of the reasons for the occurrence of female criminality are explained incidentally without the existence of a gender-sensitive approach in scientific research, which is why it is wrongly named as "feminist criminality". The topic in question represents a kind of challenge for the study and understanding of female criminality. The author will try to answer the question of which crimes are specific to women according to their phenomenology, the motives, reasons and situations that encourage

[1] The author is a doctor of legal sciences in the field of legal rhetoric and argumentation. He works as a court associate in ne basic court in Struga.
Авторот е доктор на правни науки од областа на правната реторика и аргументација. Работи како судски соработник во Основниот суд во Струга.
Email: robertdauti@outlook.com

women to commit crimes. Scientific knowledge is limited to indirectly obtained data from official domestic statistics, theoretical and comparative methodological analyses, given the lack of relevant analyzes and theoretical material, which are practically reduced to ordinary statistical studies of women as an atypical, uncharacteristic perpetrator in conditions where criminality is still treated as predominantly "male" work.

***Keywords:*** *criminality, woman, gender, role, crime, phenomenology, responsibility*

## 1. Воведни напомени за женскиот криминалитет

„*Студентка од Скопје си го убила бебето за да оди на апсолвентска екскурзија*", „*Велешанката која го уби сопругот-полицаец во самоодбрана ќе одговара за убиство на миг*", се само некои од насловите кои изминатиот период ја разбрануваа домашната и стручна јавност, бидејќи по својата природа кривичните дела извршени од страна на жена не го достигнуваат идеолошкиот праг на општествената проблематика. Повеќето автори ќе се сложат дека женскиот криминалитет е едно од најслабо истражуваните подрачја кое често завршува како фуснота во научните експертизи за машкиот криминал. Не постои единствена, генерална теорија која го објаснува овој феномен, опсегот и структурата на криминалитетот. Тоа се гледа и од самиот збор „криминалец" кој во македонскиот јазик и во многу други јазици оваа именка нема своја женска форма. Преку јазикот се пренесуваат и предрасудите кои постојат во одредена култура преку која се рефлектираат традиционалните кодови на општеството кое е доминантно моделирано по теркот на мажите. Кога е во прашање кривично-правното дефинирање на битието на кривичните дела поголемиот дел законодавци не прават разлика во однос на полот. Без оглед на фактот што сите инкриминации, вклучително и во националното законодавство, се одредени во машки пол сосема е јасно дека тие се однесуваат на лица од двата пола. Жената може да се јави во улога на сторител на било кое кривично дело кое може да го изврши и маж со исклучок на чедоморството како привилегиран облик на убиство каде по природата на работите во улога на извршител може да се јави само жена, мајката на жртвата. За жената е својствено и извршување на кривичните дела кои се поврзани со

нејзината мајчинска улога како одземање на дете, запуштање и малтретирање на дете, повреда на семејни обврски. Кривичните дела кои пак се историско конзистентни и се поврзуваат за жената како сторител се кражбата, измамата, фалсификувањето, затајувањето и послужувањето.

Истражувачките студии кои се однесуваат на женскиот криминалитет, неговата, природа, обем и застапеност започнуваат да се откриваат дури во средината на XX век со публикациите на Ото Полак насловени како: *„Женски криминалитет*" од 1950 година, па се до појавата на книгите „*Сестри во злосторот"* од Фреда Адлер и *„Жените и криминалитетот"* од Рите Симон од 1975 година (Антиќ, 2016). Тогашните теоретски објаснувања на женскиот криминалитет беа насочени кон емоционалната неприлагоденост и факторите кои доведуваат до нарушување на личноста на жената. Од друга страна, новите теории развиени во рамките на феминистичката криминологија настојуваат да ја разберат жената сторител преку нејзиниот статус на жртва-провокатор, со посебен акцент на влијанието на родовата хиерархија, моќ и родовата нееднаквост во општиот криминал. Говорејќи за карактерот на женскиот криминалитет, познатиот криминолог Ото Полак забележува дека истиот претставува најголемото подрачје на непроцесуиран криминалитет во државата кој слободно може да се нарече скриено злосторство. Улогата на полот претставува појдовна детерминанта во севкупниот криминал, понекогаш ставен над социоекономскиот, образовниот или професионалниот статус на личноста (Мејдини & Амерхаузер, 2022). На глобално ниво, бројот на затвореници жени бележи негативна тенденција на пораст во однос на затворската машка популација. Во периодот од 2000 до 2016 година затворската популација се зголемила за 21%, а бројот на затворени жени и малолетни девојки се зголемил за енормни 53% во истиот период (Pavičević, 2020). Само во Соединетите Американски Држави во периодот помеѓу 1980-1989 година женскиот криминалитет пораснал за повеќе од 200%. Од 1980 година па до денес, тој криминалитет се зголемил за неверојатни 400% (Belušić, 2003). Во споредба со светските трендови на пораст на женскиот криминалитет и поголема застапеност на жените во сите кривични статистики, Република Северна Македонија не бележи некоја значајна промена во изминатите години. Жените се многу помалку застапени во системот на кривичната правда

отколку мажите. Во 2023 година согласно службените податоци на Државниот завод за статистика од вкупно 6528 осудени полнолетни лица според основните судови 568 биле жени. Тоа значи дека криминалната партиципација во однос на осудената полнолетна популација на сторители на кривични дела е значително помала кај жените, нешто помалку од 12% во однос на мажите. Ваквите податоци говорат за промена на перцепцијата на криминалитетот како типично машки, видливоста на женскиот криминалитет односно за реалниот пораст на бројот на жени кои вршат кривични дела, а чие учество не може да биде инцидентно или маргинално.

## 2. Профилирање на жената како сторител

Од кривично-правен и криминолошки аспект на профилот жена криминалец се гледа како на поткатегорија во улога на сторител на кривични дела. Демонстрацијата на машкост и физичка сила, агресивност и насилство се особини кои типично се препишуваат на мажите и како такви претставуваат идеална основа за појава на криминално однесување. Местото и улогата на жената во криминалот е сексуализирана подредена на стереотипите дека жената е „додаток" на мажот, мајка, сопруга, љубовница, без сопствен капацитет да може сама да управува и биде активен актер во сферата на криминалните активности. Сеуште зборуваме дека жените природно се одродуваат од криминалот, но фактичките податоци се сосема поинакви. Причините за тоа се најразлични првенствено биолошки, меѓутоа во основата се потенцираат културните претпоставки дека во женската природа не е својствено и предодредено да врши кривични дела, посебно не тие со насилен елемент. Основните карактеристики кои ја отсликуваат жената покрај кревките физички предиспозиции и сензибилитетот во карактерот се всушност конвенционалните очекувања на грижа и пожртвуваност за другите, поради што жените се помалку склони кон ризик и екстремни ситуации.

Но, модерната жена се јавува како доста понасилна од жените во минатото. Профилот на жената сторител е динамичен, диверзитетен во корелација со општествените фази на развој, политичката уреденост, патријархалната затвореност, нејзината еманципираност, социјалната инклузија како и влијанието на претходните виктимизирачки околности во полето на лично созревање.

Студиите на оваа тема покажуваат дека во улога на жени криминалци најчесто се јавуваат разведени жени од сите старосни групи, невработени со слабо развиени професионални квалификации кои потекнуваат од деструктивни семејства со низок морален и економски стандард, емоционално, физички и сексуално злоставувани. Жената претежно е жртва-провокатор на кривични дела, отколку сторител. Нејзината претходна виктимизација ја профилира од жртва во злосторник. Меѓутоа, иако виктимизацијата се идентификува како силна компонента на жена во неволја, структурната положба на маргинализираната жена и самата концептуализација на криминализирана жена прави извршувањето на кривичните дела да изгледаат како природно препуштање на оскудните и проблематични животни опции. Промените во женскиот и машкиот криминалитет се одвиваат паралелно со одржување на доследниот јаз помеѓу половите кога се во прашање убиствата, разбојништвата и другите потешки кривични дела. Жените вршат помалку опасни кривични дела и претежно во рамките на имотниот криминалитет што ги прави нивните криминални активности не толку спектакуларни и интересни со одредени исклучоци. Освен тоа кривичните санкции имаат поголем ресоцијализирачки ефект врз жените и тие поретко се јавуваат во улога на рецидивисти односно имаат пократка криминална кариера за разлика од мажите. Жените сторители кои се дел од регистрираниот криминал се стигматизираат и соочуваат со осуди како двојно девијантни, бидејќи не само што го повределе законот туку и својата родова улога (Pavić, 2020).

## 3. Феноменологијата на женскиот криминалитет

### *3.1 Кривични дела против имотот*

Според видот односно тежината на кривичното дело спрема сите показатели женскиот криминалитет битно се разликува од машкиот. На прво место се имотните кривични дела. Учеството на жените во ситните имотни дела (кражби, измами, послужување, затајување и сл.) е двојно зголемено. Кражбата како едно од најчестите кривични дела условно речено добива „женски карактер", односно препознатливо обележје на женскиот криминалитет. За ваквата појава постојат неколку објаснувања. Првичната причина се лоцира во големиот број разводи на светско ниво кои неминовно

продуцираат мноштво разведени, самохрани мајки, невработени, полуквалификувани жени со ниски примања чиј заеднички именител е високиот криминален ризик. Лишени од можноста да ги достигнат општествено вреднуваните цели (висок општествен статус и финансии) наведената категорија жени се „послужува" со криминални активности во рамките на имотниот криминал, првенствено заради подобрување на нивната финансиска состојба согласно општо прифатената улога на потрошувач во општеството што е еден природен одговор на сиромаштијата и економската несигурност. Во Република Северна Македонија податоците за структурата на женскиот криминалитет ја потврдува тезата дека жените во најголем број се обвинети за кривични дела против имотот. Во 2023 година дури 155 жени од вкупно 568 осудени жени биле обвинети за сторени кривични дела против имотот, 124 за кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, а 78 за кривични дела против бракот, семејството и младината. Ситуацијата и во 2022 година не е ништо поразлична (Државен завод за статистика, 2024). Од вкупно 758 осудени жени, најголемиот дел, односно 250 жени биле обвинети за кривични дела против имотот со што уште еднаш се потврдува високата стапка на учество на жените во имотниот криминал.

Но, овие бројки повторно не се одраз на вистинската присутност на жените во имотниот криминал затоа што се работи за кривични дела кои лесно се прикриваат и во таа смисла се помалку видливи во статистиката на општиот криминал. Во тој контекст проф. д-р Ангелина Станојоска ќе забележи дека криминалната активност на жените кои издржуваат ефективна казна затвор за одредени кривични дела се поврзува со нивната виктимизација или финансискиот стрес. Така, кај кривичното дело кражба (особено изразено во трговијата), жените за разлика од мажите кои најчесто вршат провални кражби и разбојништва не се докажуваат и најчесто крадат производи кои ги сметаат за неопходни или не можат да си ги дозволат (облека, храна, накит, козметика). Кај кривичното дело разбојништво жените главно се јавуваат во улога на помагачи (пример ја намамуваат жртвата) или поттикнувачи. Поновите студии покажуваат дека жените почесто од мажите се приведуваат заради вршење измами и кредитни измами. За основното дело измама може веќе да зборуваме како за родово

неутрално кривично дело, што значи во еднаква мера го вршат и жените и мажите (Veselý, 2019).

### *3.2 Убиство на миг при вршење на семејно насилство*

Кога зборуваме за убиството во главно ова кривично дело по некој скриен, општоприфатен механизам се поима како типично машко дело поради високиот процент на мажи сторители во неговото извршување. Но сепак и жените убиваат и вршат ист вид убиства како и мажите: обично, квалификувано и привилегирано убиство. Одговорот на прашањето зошто жената врши убиства треба да го бараме во доменот на нејзината положба во општеството и семејството. Тоа и не е така неочекувано во услови кога фемицидот како најтешка форма на насилство врз жените односно нивно намерно убивање зема замав. Насилството врз жените, неговите причини и последици имаат силна корелација со женскиот криминалитет. Научните согледувања на феноменолошките и етиолошките карактеристики на жените убијци покажуваат дека тие се разликуваат од другите сторители на кривични дела по структурата на својата личност и нивните жртви кои најчесто се личности од семејната средина (насилни партнери, родители, деца, свекор, свекрва). Во поглед на мотивите жената дури и кога е малтретирана, трпи некаков вид на насилство, обично убива од состојба на немоќ, во самоодбрана која е последица на долгогодишно злоставување. Во едно американско истражување извршено во 1986 година забележано е дека во Њу Јорк од вкупниот број осудени жени за убиство на својот интимен партнер, 59% биле претходно злоставувани. Најголем дел од убиствата се случуваат зад затворени врати, не се планираат однапред и нивните жртви се сегашни или поранешни интимни партнери. Со други зборови се случува *„криминализација на виктимизацијата”* (Станојоска, 2020). Примарната виктимизација ја наведува малтретираната жена на криминално однесување, кое ја менува нејзината општествена улога и ја преобразува од жртва со акумулиран очај и загрозеност во злосторник (Максимова, 2018). Жената за да изврши убиство или друго насилно дело има сосема поинакви мотиви отколку што би имал еден маж при вршење на исто дело. Мотивите кои ги наведуваат мажите да извршат убиство се љубомора и страв од разделување додека кај жените тие мотиви се поврзани со

нарушените брачни односи и домот во кој претходи долг период на вербално, физичко, психичко или сексуално злоставување. Како нуспојава се јавува *„синдромот на повредена /скршена жена"* или *„bettered woman syndrome"* (Максимова, 2019). Убиствата кои ги вршат жените се абнормални, одраз на високо поместена психичка рамнотежа. И кога жената не е непосредна жртва, сведоштвата за насилство упатено врз нејзиното дете/деца може да ја интензивира агресивноста и да ја продлабочи психичката раздразнетост, со што ризикот за извршување на убиство е многу поголем дури и кога жената директно ги трпи повредите.

Кривичните дела извршени во кругот на семејството се различни од останатите насилни дела поради тоа што потребно е да се утврди дали се извршени во самоодбрана или се акт на насилство. Имајќи ги предвид биолошките и физичките предиспозиции на жените жртви, во повеќето случаи убиствата на своите интимни партнери жените ги извршуваат по претходна расправија или напад и тоа со предмет кој најчесто им доаѓа при рака (куњски нож, секира, лопата, мотика и сл.) и тоа како би избегнале да бидат убиени. Многу криминолози сметаат дека жената претставува прототип на „убиец со отров". Примерите на убиство со труење се објаснуваат преку нивната лесна достапност како и подобноста отровот да биде перфидно сокриен во храна или пијалак, пред се поради женската физичка инфериорност што се препишува на недоволната физичка сила да се изврши делото (Pavić, 2020). Жените жртви на семејно насилство во поглед на кривичната одговорност и казнувањето се изедначени со мажите, но во судската практика при докажана претходна состојба на силна раздразнетост и уплав, жените се казнуваат поблаго односно не се гонат за основното дело убиство, туку нивните дејствија се подведуваат под привилегираниот облик - убиство на миг. Жената жртва може да биде и ослободена од казна доколку постои истовременост на нападот и одбраната согласно бараните законски услови за ексцесот на нужната одбрана, применет во конкретна ситуација за убиство на миг. Но, жените жртви на семејно насилство за жал во повеќето правни системи не секогаш би можеле успешно да се одбранат во рамките на постоечките концепти на „нужна одбрана" и „афект" или „провокација со жешка крв"(Апостоловски, 2022). Во едно истражување спроведено во 2018 година од страна на Максимова во Казнено поправниот дом Идризово врз жени осудени за

основниот облик на убиство, а кои биле претходно виктимизирани, судовите, семејното насилство го ценеле само како олеснителна околност при поднесено обвинение за убиство, а не основа за промена на правната квалификација од убиство во убиство на миг. Тоа значи дека практиката на македонските судови речиси и да не го препознава моментот на семејно насилство (Максимова, 2019).

### *3.3 Убиство на дете при пораѓање*

Најубавиот пример на мајчинска љубов и поврзаност може понекогаш да се претвори во монструозен чин на убиство. Чедоморството, детеубиството или неонатицидот се синоними за кривичното дело убиство на дете при пораѓање. Чедоморството е единствено кривично дело каде сторителот може да биде исклучиво жена и како такво претставува најрепрезентативен појавен облик на женскиот криминалитет, попрецизно на женското убиство. Во казнено-правна смисла, кривичното дело убиство на дете при пораѓање е субординиран поим на убиство. Станува збор за привилегиран облик delicta propria кое може да го изврши само биолошката мајка на штотуку роденото дете во текот или непосредно по породувањето со негово усмртување под услови пропишани со закон. Приближниот профил на жената која врши убиство на дете при пораѓање се однесува на млади, егоцентрични, емоционално нестабилни личности со средно образовно ниво, негативен став спрема околината и финансиски потешкотии. Жените чедоморки најчесто доаѓаат од селски средини иако во поново време се забележува тренд на поместување на чедоморството од селата во градовите.

Суштествен елемент на битието на кривичното дело е состојбата на растројство предизвикана со пораѓањето. Физичката траума со која се соочува жената при пораѓањето колку истото да делува како нормален физиолошки процес може да доведе до одредени соматски и невропсихички нарушувања на организмот (постпородилна депресија, постпородилна психоза и синдром на тажно расположение) кои влијаат врз намалување на пресметливоста на родилката. Психичкото растројство не се претпоставува, туку се утврдува in concreto. На манифестираното растројство влијаат и егзогени фактори во чија позадина се препознаваат проблеми од социолошки карактер како што се предрасудите и осудата од околината, особено во случај на вонбрачна бременост,

стигматизацијата, потешкотиите околу материјалното згрижување на детето во отсуство на поддршка од семејството и др. Во таа смисла англиското правосудство и теорија, спрема чедоморството зазема критички став, потенцирајќи дека законодавствата треба да го прифатат психичкото растројство како и пошироките социјални фактори при оценка на правната квалификација на убиството на дете.

Жените кои вршат чедоморство тоа го прават на два начина, првиот со активни дејствија на извршување - гушење, давење (механичка асфиксија), сечење на вратот со остар предмет, повредување или пасивно со лишување на потребната нега и исхрана, раѓање на скриени, нетипични места, напуштање и препуштање на детето на судбината. (Belušić, 2003). Објектот на извршување на кривичното дело е новороденото дете, а не плодот. Ако раѓањето започнало, а не е сеуште завршено станува збор за дете, а не за плод, па во казнено-правна смисла се смета дека детето е родено, иако раѓањето физиолошки не е довршено. Во случај на смрт на новороденото дете потребно е да се утврди дали се работи за убиство, чедоморство, природна смрт или несреќен случај. Одредувањето на времето од кога плодот станува новородено живо дете (без разлика дали има телесни недостатоци) е значаен, бидејќи тој момент го раздвојува времето на извршување на кривичното дело противправно прекинување на бременоста (особено во оние законодавства каде и самата бремена жена е кривично одговорна, кај нас тоа не е случај) од кривичното дело убиство и убиство на дете при породување (Komazin, Trković & Vragolov, 2006). Спрема статистичките податоци бројот на осудени жени за убиство на дете при пораѓање во вкупниот криминалитет на полнолетни осудени сторители е присутно со постојана тенденција на опаѓање. Тоа се должи на позитивните, динамични движења во општеството поради кои оптоварувањето на жената како мајка е значително помало благодарение на промените во социјалните ставови, подобрување на положбата на жената, сексуалното образование, достапните облици на контрацепција, можноста за дозволено прекинување на бременоста. Сепак треба да се земе предвид „темната бројка" на чедоморството која не треба да се занемари од причина што делото скоро секогаш се извршува во тајност како медицински нерегистрирана бременост.

### *3.4 Жената во организираниот криминал*

Криминалниот пат на жената во главно е одреден од ограничените можности на избор. Новите политичко-општествени односи и економските транзиции на минатиот век особено во земјите на средна и источна Европа создадоа силен имиџ на организираниот криминал како својствено „машка работа”. Денес, различните облици на организираниот криминал повеќе не се асоцијација за насилство и алфа мажествени улоги. Се повеќе жени, губитници на транзицијата се вклучени во активностите на организираниот криминал на различни нивоа со централни, водечки позиции. Тоа им дава на жените нов профил на *„партнерки во криминалот”* и *„организаторки”*, учествувајќи во стратешкото планирање на операции поврзани со трговија на луѓе, од регрутација на жртвите до нивно експлоатирање и контрола над финансиите (Pavićević, & Bulatović, 2018). Меѓутоа, улогата на жената во структурата на организираниот криминал е недоволно разбрана и актуелна. За споредба, женското присуство во италијанската мафија стана предмет на интерес дури на почетокот на 1990-та година под влијание на промените во италијанското општество кои ја изменија перцепцијата за жената како независна и автономна во однос на примарните чинители - мажите и воведувањето на програмата за заштитени сведоци која овозможи ретко достапен материјал за криминалните активности на жените во мафијата (Pavićević, & Bulatović, 2018).

Официјалните статистики прикажуваат искривена слика дека позицијата на жената во организираниот криминал е подредена и ограничена. Бројките говорат за поврзаност на жената со ситен имотен криминал, а не и со активности во рамките на организираниот криминал. Меѓутоа, реалноста е сосема поинаква. Само во рамките на Европската унија идентификувани се 3.600 организација кои се бават со организиран криминал. Во 2006 година согласно Националната агенција за забрана на трговијата со луѓе и други сродни прашања (NAPTIP), вкупно 60% од лицата кои се гонат поради трговија со луѓе се жени, а дури 50% од осудените се повторно жени (Pavićević, & Bulatović, 2018).

Креаторите на националните политики почнаа да ја актуелизираат улогата на родот во моделирањето на ранливоста на одредени групи кон организираниот криминал. Вклучувањето на жените во поедини облици на организираниот криминал претставува рационален одговор на финансискиот стрес што е резултат на

нееднаквите можности за работа, спорадичниот економски развој, класните разлики, родовиот јаз во платите и условите за живот. Невработеноста, особено во земјите од Западен Балкан е изразено висока кај младите жени (необразовани, маргинализирани, жртви на насилство, самохрани мајки и сл.) што доведува до криминализација на сиромаштијата на жените. Така, групи на жени во Албанија заради прехранување на семејството се нужно инволвирани во организиран меѓународен криминал за производство и дистрибуција на канабис главно за потребите на црните пазари во Италија. Жени од Балканот, провалници од Црна Гора беа дел од озлогласената меѓународна група *Пинк Пантери* позната по филмските разбојништва и кражби на дијаманти, злато и накит во Европа (Мејдини & Амерхаузер, 2022).

Ризикот жените да се јават како сторители на кривични дела во рамките на организираниот криминал е се поочигледен пред се поради прифаќањето на негативните модели на однесување кои младите луѓе лесно ги привлекуваат. За жал, ваквите атрактивни гледишта за криминалот и нелегалните можности земаат се поголем замав на социјалните мрежи и медиумите каде познати жени блиски на криминални групи преку нивните профили јавно пропагираат брзо и лесно збогатување (незаконски пари) како свои лични достигнувања, промовирајќи лажни вредности на вклученост во бизниси. Не ретки се примерите каде жените се лично вклучени како соучесници или помагачи во семејните криминални бизниси на своите мажи или партнери. Жените се користат во перење на пари и други приноси од казниви дела во име на машките членови и во криумчарење на различни видови недозволени односно непријавени стоки поради поретките проверки од страна на граничните служби што се укажува на постоење на „машко кавалерство”. За таа цел жените преферираат ценети и хумани професии како професорки, медицински лица, правници и сл. како би можеле полесно да стапат во неоткриениот криминалитет.

## Conclusion

Female criminality in public discourse is undeniably an under-researched topic. The crossing of gender differences and the research of women as passive and active perpetrators of crimes remain within the general view that it is an incident and not a structural socio-legal

problem. The extent, structure of criminality and types of crimes committed by women are beyond the empirical materials of the research focus. Conclusions that refer to overall criminality in a country, i.e. to women who commit crimes, are inherently limited and are based on relevant male samples, although the number of female criminals is constantly increasing. Understanding the reasons for the emergence of women in the role of a perpetrator of crimes and the future forecasting of female criminality requires special individualized methods and monitoring tools that will emerge beyond dry pair studies. Although women are more often spoken of as victims than as perpetrators, women in the largest number commit non-violent crimes within the framework of property crime. A woman's criminal activities are reduced to a means through which she copes with financial stress, gender expectations, and violence. However, the woman who has the syndrome of “injured/broken woman” is more and more present, who turns from a previous long-term victim of domestic violence into a murderer. Even in the case of infanticide, as one of the most unnatural crimes, the woman, that is, the mother, kills her child most often because of postpartum depression or psychosis. Therefore, criminology and criminal law must not treat the issue of gender independently and in isolation. The understanding of female criminality must be in the context of the position of women in society, as well as the structural characteristics in which that position is established.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Ќебир Авзиу**
**Проф. д-р Африм Османи**

**Литература:**

1. Антић, И. (2016). Жене убице, Ниш, 6

2. Апостоловски, С, Т. (2022, March 15). *Жени жртви или жени злосторници*? retrieved from https://meduza.mk/fem-101/zheni-zhrtvi-ili-zheni-zlostornitsi/

3. Belušić, I. (2003). Kriminalitet žena, *Kriminologija i sociialna integraciia vol. I I, br. 2(165-176),* Beograd, 167-168

4. Veselý, M. (2019). Kriminalitet žena u Republici Hrvatskoj u razdoblju od 2013 do 2017 godine, Zagreb, 24

5. Државен завод за статистика (2024). Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот во 2023 година, Скопје

6. Komazin. J., Trković. J., & Vragolov, L. (2006). Čedomorstvo, *Kriminologija i socijalna integracija, vol.14 br.1, Zagreb* ,94-128

7. Максимова, Е. (2018). Криминалитетот на жената во периодот од 2005-2015 со посебен осврт врз виктимолошките аспекти, Скопје, 14

8. Максимова, Е. (2019). Жените што убиваат (или повредуваат) од позиција на жртви на семејно насилство *Македонска ревија за казнено право и криминологија бр. 26 (1-2),* Скопје, 7-10

9. Мејдини, Ф & Амерхаузер, К. (2022). Отпорен Балкан: Родот и организианиот криминал, Скопје, 5-10

10. Pavić, T. (2020). Kriminalitet žena, Osijek,7

11. Pavićević, O & Bulatović, A. (2018). Žene u organizovanom kiminalu, *Zbornik instituta za kriminološka i sociološka istraživanja,vol. XXXVII br. 1,* Beograd, 93-94

12. Pavičević, O. (2020). Kriminalizacija marginalizovanih žena, *Zbornik instituta za kriminološka i sociološka istraživanja, vol. XXXIX / 2-3 / 59-73,*Beograd, 64

13. Станојоска, А. (2020, February 11). *Причините зад криминалното однесување на жените наспроти апсурдите во застарените македонски учебници,* retrieved from https://meduza.mk/fem-101/prichinite-zad-kriminalnoto-odnesuva%D1%9Ae-na-zhenite-nasproti-apsurdite-vo-zastarenite-makedonski-uchebnitsi/